20251383039

# АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

Врз основа на член 10 точка 4), а во врска со член 81 став (2) од Законот за ветеринарно здравство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 113/07, 24/11, 136/11, 123/12, 154/15 и 53/16), директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство, донесе

## РЕШЕНИЕ ЗА ЗАБРАНА НА УВОЗ И ТРАНЗИТ НА ЖИВИ ЖИВОТНИ, ПРОИЗВОДИ И НУСПРОИЗВОДИ ОД ЖИВОТИНСКО ПОТЕКЛО ЗАРАДИ ЗАШТИТА ОД ВНЕСУВАЊЕ НА ВИРУСОТ НА ЧУМА КАЈ МАЛИ ПРЕЖИВАРИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ПО ПОТЕКЛО ОД РЕПУБЛИКА КОСОВО

Член 1

Со ова решение заради заштита од внесување на вирусот на чума кај мали преживари (Peste des Pestitis Ruminants) се забранува увоз и транзит во Република Северна Македонија на:

1) живи домашни и диви овци и кози, семе, јајце клетки и ембриони од домашни и диви овци и кози кои потекнуваат од Република Косово и

2) месо од домашни и диви овци и кози, производи од месо од домашни и диви овци и кози, преработки од месо од домашни и диви овци и кози, млеко од домашни и диви овци и кози, производи од млеко од домашни и диви овци и кози, како и нуспроизводи од домашни и диви овци и кози, кои потекнуваат од Република Косово.

Член 2

По исклучок од член 1 точка 2) од ова решение, може да се увезуваат производи од месо од домашни и диви овци и кози доколку месото било подложено на еден од следните специфични третмани, и тоа:

- обработка во херметички затворен контејнер до Fo вредност од три или повеќе;
- термички третман што обезбедува постигнување на температура од најмалку 70°C што треба да помине низ производот од месо во текот на преработката на месото;
- термички третман што обезбедува постигнување на температура од најмалку 80°C што треба да помине низ производот од месо во текот на преработката на месото;
- термичко третирање на производите од месо, во херметички затворени контејнери на температура од најмалку 60°C за период од најмалку 4 часа, што обезбедува постигнување на температура од најмалку 70°C во внатрешноста на производот за периодот од 30 минути и
- термички третман што обезбедува постигнување на температура од најмалку 65°C во внатрешноста на производот за периодот што е неопходен за постигнување вредност на пастеризација (pv) еднаква или поголема од 40.

Член 3

Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 02-2258/1
4 јули 2025 година
Скопје

Агенција за храна
и ветеринарство
Директор,
д-р **Оливер Миланов,** с.р.